*Стефан ПАНОВСКИ*

**УДК:94(381)**
Изворен научен труд

# ФИЛИП V И АПОЛОНИЈА ВО 216 г.

***Кратка содржина:***

*Летото 216 г. Филип V се подготвувал да ја нападне Аполонија, но по веста дека се приближува римската ескадра се повлекол. Непосредната цел била да се стекне со погодно пристаниште за борбата против Скердилаида, но прашањето е кои биле неговите долгорочни планови – експанзија во Илирија, или пак војна со Рим и експедиција во Италија. Што се однесува до втората можност, главен аргумент е толкувањето на Полибиј, како и римската реакција и перцепцијата на современиците за Филип и неговите амбиции. Но, во овој случај мислењето на Полибиј не е убедливо, а реакцијата на Рим попрво го покажува римското гледиште, а не плановите на македонскиот крал, а истото би можело да се каже и за гледиштето на современиците. Според тоа, иако дефинитивен одговор е невозможен првата можност делува поверојатно, особено ако се земат предвид и неговите постапки во следните неколку години. Во почетокот тој немал намера да војува со Рим, но по римската реакција во 216 г. и особено по катастрофата кај Кана, тој се свртел кон Ханибал, но и тогаш негова главна цел останала Илирија.*

**Клучни зборови***: Филип V, Скердилаида, Полибиј, Илирија*

Летото 216 г.,[1] на чело на нова флота од 100 лемби, Филип V се упатил кон Аполонија. По краток одмор кај Кефаленија и Левкада, откако дознал дека римската флота сè уште е усидрена во Лилибај, го продолжил патувањето. Но, токму кога се приближувал кон устието на Аој, стигнала веста дека римска ескадра доаѓа на помош на Скердилаида, по што во паника се повлекол.[2] Која била крајната цел на Филип и што точно сакал да постигне – да го скроти Скердилаида, или можеби увод во некој грандиозен план? Очекувано, мислењата на историчарите се поделени.[3] Филип никогаш не добил можност да ги оствари првичните цели, така што секој одговор во одредена мера претставува спекулација. Па сепак, малкумина би негодувале ако кажеме дека постапките на Филип, барем во 216 г., упа-

[1] Сите години се стара ера.

[2] Polyb., 5.109.4-110.6.

[3] *e.g.*Walbank (1940), 69; Id. (1993), 1723; Rich (1984), 129-30; Eckstein (2008), 80-1, увод во поголеми освојувања; Gruen (1984), 374-5; Adams (1993), 45; Champion (1997), 118-21, амбиции ограничени на Илирија.

туваат на заклучок дека непосредна цел била Илирија, односно Скердилаида. Затоа сосема накусо ќе се осврнеме на нивниот меѓусебен однос во периодот на Сојузничката војна.

1. Во деценијата по 230 г., од подреден на Агрон и Теута, Скердилаида се издигнал во еден од најмоќните илирски династи веднаш по, или можеби рамен на Деметриј од Фарос.[4] Во 220 г. тие се впуштиле во голем заеднички гусарски поход што започнал со неуспешниот напад на Пилос, по што Деметриј продолжил кон Кикладите, а Скердилаида склучил договор со Ајтолците. Измамен од нив, Скердилаида набргу ја сменил страната и склучил сојуз со Филип. Но, овој пат и двете страни не го испочитувале договореното – ниту Филип му ја исплатил договорената сума, ниту пак Скердилаида го испратил предвидениот број на бродови. Како одговор, Скердилаида испратил 15 лемби кои заробиле 4 бродови на Филип, а потоа се впуштиле во пустошење и ограбување на крајбрежјето. Обидот на Филип со една набрзина собрана флота да ги стигне Илирите завршил со неуспех.[5]

Овие инциденти биле само увод во непријателствата - сметајќи на зафатеноста на Филип во Сојузничката војна, Скердилаида навлегол во Пелагонија и Дасаретија, каде освоил неколку градови.[6] Тоа што тој не знаел е дека во исто време бил склучен мирот во Навпакт со што завршила Сојузничката војна.[7] Ослободен од ангажманите во Хелада, Филип презел молскавичен контранапад во кој ги вратил загубените градови и воспоставил контрола од околината на Лихнид до територијата на Калојкините, по што ја распуштил војската.[8] Токму по завршувањето на овој поход, во текот на зимата 217/216 г. Филип одлучил да изгради флота од 100 лемби.

2. Од овој кус преглед се добива впечаток дека новата флота била наменета за борбата со Скердилаида. Како што истакнува Полибиј, малата флота од 100 лемби во никој случај не била дорасната на моќните римски квинквереми;[9] таа била наменета пред сѐ за дејствување во Илирија. Кон сличен заклучок водат и собитијата од следните неколку години – во договорот со Ханибал амбициите на Филип (и Деметриј од Фарос) се ограничени на Илирија, а евентуалната македонска помош во Италија би била испратена единствено на барање на Ханибал.[10] По фијаското пред Орикум и

[4] За кариерата на Скердилаида до 220 *v.* Šašel Kos (2002), 146-8, иако дел од нејзините претпоставки не може да се поткрепат со расположливите извори.

[5] *v.* Šašel Kos (2002), 148-50; Пановски (2014), 245-8.

[6] Polyb., 5.108.1-2.

[7] Polyb., 5.103.1-8.

[8] Polyb., 5.103.8-9. Hammond (1968), 15-6; Id. (1972), 94-5.

[9] 5.109.1-3.

[10] Polyb., 7.9. Bickerman (1944); Id. (1952); Walbank (1967), 42-56; Errington (1989), 96-7; Adams (1993), 47-8. *contra e.g.* Seibert (1995), 240 и особено Eckstein (2008), 85, според кои одредбите од договорот оставаат можност за инвазија на Филип. Технички ова е точно, но одредбата βοηθήσετε δὲ ἡμῖν, ὡς ἂν χρείᾳ ᾖ καὶ ὡς ἂν συμφωνήσωμεν (7.9.11), недвосмислено појаснува дека до такво нешто би можело да дојде само на барање Ханибал. Независно дали ова подразбирало дека Филип лично би дошол

Аполонија во 214 г., до крајот на војната Филип ниту располагал, ниту пак се обидел да создаде нова значителна флота;[11] а следните неколку години ги минал во освојување на внатрешноста на Илирија, што кулминирало со падот на Лисос.[12]

Дотука никаков показател за претпоставениот план за инвазија на Италија. Се разбира, би можело да се забележи дека настаните по 216 и особено по 214 г. не се релевантни за првичните планови на Филип, зашто во меѓувреме ситуацијата од корен се променила,[13] и тоа е во основа точно. Згора на тоа, ова не е заклучокот на Полибиј, кој сметал дека овие операции се само увод во многу поамбициозни планови[14] – заклучок прифатен од повеќе современи историчари. На кои аргументи почива оваа претпоставка?

3. Освен авторитетот на Полибиј, се чини дека главната аргументација се сведува на мислењето на современиците на Филип и римскиот одговор на сојузот со Ханибал, и се разбира, навидум неочекуваниот крај на Сојузничката војна. Што се однесува до договорот во Навпакт, тој може да делува неочекувано само ако го прифатиме приказот и толкувањето на Полибиј; напротив, од текот на војната, на Филип несомнено му станало јасно дека веќе нема што да добие од судирот што и онака не бил негов избор.[15]

Што се однесува пак до Римјаните, тие несомнено стравувале од евентуалниот напад од Филип, но дури по откривањето на договорот со Ханибал во 215 г. Единствена претходна мерка е стационирањето на 25 бродови со задача да го штитат крајбрежјето меѓу Тарент и Брундизиј.[16] Дури и мерките во 215 г. се релативно умерени и секако не упатуваат на

на помош или пак само би испратил помошни одреди, ова е многу различно од еден италски поход за кој наводно сонувал Филип.

[11] Holleaux (1921), 159 n.2. Во 207 г. Филип започнал програма за изградба на нова флота (Liv., 28.8.14), но изгледа дека проектот наскоро бил прекинат (Holleaux (1921), 246 n.2). Иако била предвидена изградба на 100 полиери (naves longae), во битката кај Хиос, шест години подоцна Филип имал само 53 катафракти (Polyb., 16.2.9), и тоа откако ја засилил флотата со одреден број на бродови што ги запленил на Самос. Во секој случај, одлуката во 207 г. секако не може да се сфати во контекст на план за идна кампања во Италија, туку попрво за обид да се воспостави локална поморска доминација во војната против Рим и римските сојузници (*cf.* Liv., 27.30.16). Според Клој, новата флота барем делумно била завршена, но воопшто не била наменета за борба со Рим, туку претставувала увод во егејската експанзија (Kleu (2015) *non vidi*, apud Nicholson (2017)).

[12] Преглед кај Walbank (1940), 80-1; Hammond (1988), 398-9. Според Хамонд (*loc. cit.*), по освојувањето на Лисос, Филип таму почнал да гради нова флота, што е прифатено и од Eckstein (2008), 87. Но, оваа теорија, што се темели пред сè на нумизматичките извори и на една сомнителна информација кај Зонара (9.6), сега е уверливо побиена од Kleu (2017).

[13] *cf.* Walbank (1940), 71.

[14] Polyb., 5.108.3-7.

[15] *v.* Пановски (2020), каде е наведена и поважната литература.

[16] Liv., 23.32.17. Errington (1989), 96, веројатно е во право кога претпоставува дека главна причина била заканата од картагинската флота, а не од Филип.

некаква претерана вознемиреност, а уште помалку пак паника во Рим – флотата била засилена со уште 30 бродови, а преторот Валериј Лајвин добил наредба внимателно да ги следи собитијата и да интервенира само ако изгледа дека Филип навистина планира да соработува со Ханибал.[17] Всушност, Полибиј само неколку пати споменува страв од Филип, но со оглед на фрагментарноста на делото ова не може да се земе како особено важен аргумент. Кај Ливиј се среќаваат повеќе примери каде целта на Рим е да се спречи инвазија од Филип, но како што истакнува Рич, со оглед на тоа што приказот е под влијание на аналистичката традиција, неговата вредност е сомнителна.[18] Се разбира, ова не значи дека треба да се оди во другата крајност и да се тврди дека Рим воопшто не стравувал од Филип, особено во првите денови по откривањето на договорот со Ханибал.[19] Испраќањето на флота од само 50 бродови не делува многу импресивно и покажува дека Сенатот не бил премногу вознемирен од договорот и правилно ги проценил можностите на Филип;[20] но во исто време не треба да се заборави дека станува збор за периодот по катастрофата кај Кана кога римските ресурси биле начнати до крајност. Колку и да била мала веројатноста од инвазија, таа не била непостоечка.[21] Но, ова во крајна линија единствено ги покажува римските стравувања и нивната проценка за ситуацијата,[22] а не и плановите на самиот Филип.

[17] Liv., 23.38.7-11.

[18] Rich (1984), 162 n.48. Слично треба да се оцени и аналистичката традиција кај Ливиј (24.13.5) дека Ханибал сакал да го освои Тарент зашто бил погодно пристаниште за истоварување на Филип. Што се однесува до Полибиј, Рич наведува три примери: 5.105.8, 8.1.6, и 9.22.5. Но во 8.1.6, Полибиј едноставно го споменува дејствувањето на флотата против Филип. 9.22.5 е дел од оцена на карактерот на Ханибал, па иако истакнува страв кај Римјаните, тоа е во контекст на главната закана што доаѓала од Картагинецот, а Филип попрво е „диверзија“: καὶ τὸν ἀπὸ τούτων τῶν τόπωνφόβον ἀνατεινόμενος ἐξέπληττε καὶ περιέσπα Ῥωμαίους διὰ τῆς πρὸς Φίλιππον κοινοπραγίας. Навистина, 5.105.8 го потенцира стравот од Филип: ὁμοίως δὲ καὶ Ῥωμαῖοι πρὸςτοὺς Ἕλληνας, δεδιότες τὴν τοῦ Φιλίππου τόλμαν καὶ προορώμενοι μὴ συνεπίθηται τοῖς τότε περιεστῶσιν αὐτοὺς καιροῖς. Но, ова е во контекст на почетокот на *symploke* – анализа што има повеќе проблеми. *v.* Walbank (1975), 199-203; објаснувањето на Eckstein (2008), 82, не е убедливо. Во секој случај, тоа што е важно за нашава тема е дека во периодот непосредно пред и по мирот во Навпакт, не се споменуваат никакви римски пратеништва во Хелада против Филип, што во голема мера ја намалува вредноста на толкувањето на Полибиј.

[19] Но, по фијаското во 214 г. мора да им било јасно дека Филип веќе не претставувал директна закана за Италија, ако некогаш воопшто и бил. *cf.* Harris (1979), 205-6.

[20] Errington (1989), 97-8.

[21] Може да изгледа дека римскиот одговор на овие успеси, односно сојузот со Ајтолците (Liv., 26.24.7-15; Moretti II.87), покажува обновен страв од Филип, но поверојатно станува збор за обид да се ограничат локалните успеси на македонскиот крал и да се одржи римскиот авторитет и контрола на Јадранот. *cf.* Gruen (1984), 17-21, 377-9; Errington (1989), 98-101.

[22] Притоа не треба да се заборави психолошката лузна што ја оставила војната со Пир. Seibert (1995), 237-8; Eckstein (2006), 156.

Слично би требало да се толкува и информацијата дека во еден момент дури и Сиракуса се надевала на помош од Филип.[23] Кога би имало одговор од Филип на ова барање, тогаш конечно би имале барем еден директен показател за неговите намери; но, сиракускиот пратеник бил заробен и воопшто не стигнал кај македонскиот крал. Така, повторно станува збор за перцепцијата на другите за Филип и за неговите амбиции, а не за постапка или изјава на кралот, при што не треба да се заборави дека во овој период Сиракуса била под опсада на Клавдиј Маркел.

Останува уште толкувањето на Полибиј, чие мислење секогаш заслужува внимание. Според него, младиот и амбициозен Филип, чии надежи биле подгреани од Деметриј од Фарос (а потоа и говорот на Агелај во Навпакт), постојано сонувал за светска власт, при што освојувањето на Илирија било само прв чекор во исполнувањето на овој план.[24] Тоа што мора да се земе предвид е дека анализата на политиката на Филип во овој период е само еден сегмент од комплексната и генерално негативна слика за македонскиот крал што Полибиј ја гради низ делото – од млад, надежен и надарен владетел, Филип карактерно постепено пропаѓа и на крајот завршува како речиси полуден тиранин.[25] Во тој контекст треба да се истакне дека желбата за светска власт, или барем за опсежни освојувања, не е ограничена само на периодот до 214, туку е присутна и во плановите на Филип за време на источната политика 204-200 г., односно до Втората македонска војна – по ова прашање Полибиј е сосема доследен. Но, барем неколку примери покажуваат дека неговото убедување понекогаш го води кон дискутабилни заклучоци.

Така, според Полибиј, со паничното повлекување Филип ја пропуштил најдобрата прилика да ја освои Илирија.[26] Заклучокот е неуверлив, па дури и неправеден. Неуверлив, зашто е дискутабилно дали Филип навистина се надевал дека само со 100 лемби и приближно 5.000 војници ќе

---

[23] Liv. (P), 25.23.8-9. Иако некои се сомневаат во историчноста на податокот, сам по себе тој не е невозможен (Rich (1984), 130; Eckstein (2008), 87).

[24] Polyb., 5.108.3-5: *παραυτίκα μὲν ὥρμησε μετὰ τῆς δυνάμεως, ὡς ἀνακτήσασθαι σπουδάζων τὰς ἀφεστηκυίας πόλεις, καθόλου δ᾽ ἔκρινε πολεμεῖν πρὸς τὸν Σκερδιλαΐδαν, νομίζων ἀναγκαιότατον εἶναι παρευτρεπίσασθαι τὰ κατὰ τὴν Ἰλλυρίδα πρός τε τὰς ἄλλας ἐπιβολὰς καὶ μάλιστα πρὸς τὴν εἰς Ἰταλίαν διάβασιν. ὁ γὰρ Δημήτριος οὕτως ἐξέκαιε τὴν ἐλπίδα καὶ τὴν ἐπιβολὴν τῷ βασιλεῖ ταύτην συνεχῶς, ὥστε κατὰ τοὺς ὕπνους τὸν Φίλιππον ταῦτ᾽ ὀνειρώττειν καὶ περὶ ταύτας εἶναι τὰς πράξεις.* *cf.* 5.101-102, 5.104.7.

[25] *v.* Eckstein (1995), *passim*, и дел од трудовите во Gibson & Harrison (2013), каде се наведени и поважните трудови за оваа проблематика.

[26] 5.110.10-11: *ἦν Φίλιππος εἰ μὴ πτοηθεὶς ἀλόγως ἔφυγε, τῶν περὶ τὴν Ἰλλυρίδα πράξεων μάλιστ᾽ ἂν τότε καθίκετο διὰ τὸ τοὺς Ῥωμαίους πάσαις ταῖς ἐπινοίαις καὶ παρασκευαῖς περὶ τὸν Ἀννίβαν καὶ τὴν περὶ Κάνναν μάχην γίνεσθαι, τῶν τε πλοίων ἐκ τοῦ κατὰ λόγον ἐγκρατὴς ἂν ἐγεγόνει. νῦν δὲ διαταραχθεὶς ὑπὸ τῆς προσαγγελίας ἀβλαβῆ μέν, οὐκ εὐσχήμονα δ᾽ ἐποιήσατο τὴν ἀναχώρησιν εἰς Μακεδονίαν.*

ја освои Илирија.[27] Неправеден, зашто ги игнорира стратешките и логистички тешкотии со кои би се соочил Филип во случај на судар со римската ескадра,[28] а можеби и Скердилаида.[29] Сличен заклучок може да се донесе и за анализата на ситуацијата по битката кај Лада во 201 г., кога според Полибиј, Филип постапил безумно (μανιώδη γενόμενον) бидејќи не запловил кон Александрија иако му бил отворен патот.[30] Независно од редоследот на битките кај Хиос и Лада, претпоставката на Полибиј е најблаго кажано нереална – без ниту едно пристаниште под своја контрола, со неверојатно издолжени линии на комуникација и со една непријателска флота (а можеби и две) во заднина, тешко дека Филип можел да помисли, а уште помалку да тргне кон Египет.[31] Теоријата пак дека корените на Третата ма-

---

[27] Самиот Полибиј вели дека новата флота била предвидена пред сè за транспорт на војската, и за преземање на изненадувачки напади (5.109.2). Ова многу повеќе потсетува на кампањата од 218 г. што кулминирала со препадот на Термон (Walbank (1940), 52-6; Hammond (1988), 379-80), одошто на план за освојување на Илирија.

[28] Holleaux (1921), 178 n.1; Hammond (1988), 392-3. На аргументите во одбрана на Филип треба да се додаде и фактот што неговата флота била неискусна, бидејќи дури во 216 г. Македонците вежбале како веслачи (5.109.4). Тоа што Македонците биле веслачи е можеби и еден од клучните фактори во одлуката да се повлече – неволноста да се ризикуваат животите на македонските војници во една поморска битка, каде во судирот со римските квинквереми би можеле да се очекуваат сериозни загуби.

[29] Во анализата Полибиј не го споменува Скердилаида, за кого воопшто и не знаеме каде се наоѓал во овој момент. Според Полибиј, на Филип му било јавено ὅτι καταλείποιεν ἐν Ῥηγίῳ πεντήρεις Ῥωμαϊκὰς πλεούσας ἐπ᾽ Ἀπολλωνίας καὶ πρὸς Σκερδιλαΐδαν (5.110.3), што имплицира дека Скердилаида се наоѓал некаде во близина на Аполонија. Како што се покажало, задачата на римската ескадра била извидувачка и изгледа не подразбирала соработка со Скердилаида, но Филип тоа не можел да го знае со сигурност и морал да земе предвид таква можност, во кој случај неговите шанси за успех уште повеќе би се намалиле. *cf.* Adams (1993), 46-7.

[30] 16.10.1, со Walbank (1967), ad loc.

[31] De Sanctis (1923), 10-12; Hammond (1988), 415-6. Во детална анализа на „разбојничкиот пакт“ и настаните во 201-200 г., Eckstein (2008), 139-180, се обидува да докаже дека толкувањето на Полибиј е издржано. Во оваа прилика не можеме детално да се задржиме на целата аргументација, но неколку точки заслужуваат кус осврт. Што се однесува до историчноста на договорот меѓу Филип и Антиох III 203/2 г., прашањето сега може да се земе затворено – некаков договор несомнено имало. Екстин исто така е во право кога инсистира дека нема основа да се емендира текстот на Полибиј и дека, барем во неговата верзија Египет требало да му припадне на Филип. Но, што со тоа? За разлика од договорот меѓу Филип и Ханибал, во овој случај, барем според индикациите од сочуваниот дел од неговото дело, Полибиј веројатно не го видел официјалниот документ, така што точните одредби веројатно биле предмет на разни претпоставки и спекулации, но и преувеличувања. *cf.* Walbank (1967), 472; Ma (1999), 74-6. Според тоа, неговото сведоштво тука ја нема истата тежина како во случајот со Филип и Ханибал. Исто така не е спорно дека државата на Птолемаидите минувала низ сериозна криза, со што би било олеснето евентуалното освојување на Египет. Но, од друга страна се чини дека тој ги потценува

кедонска војна треба да се бараат во политиката на Филип во последната деценија од неговото владеењето одвај и да заслужува споменување.[32]

Овие примери покажуваат дека, барем кога станува збор за мотивите и крајните цели на Филип, анализата на Полибиј мора да се земе со огромна доза на резерва. Се разбира, ова не значи дека Филип не бил крајно амбициозен и агресивен владетел – ова го покажуваат повеќе негови постапки, особено во периодот 220-200 г.[33] Ниту пак дека не сонувал за слава и светски освојувања - карактеристика што ја споделува со повеќе владетели од хеленистичкиот период.[34] Ова било дотолку поважно за Филип V, чија династија се сметала себе си за директен наследник во крвно сродство со Аргеадите, и чиј идол бил Филип II.[35] Но, многу потешко е да се оцени што тука е пропаганда,[36] што се соништа, а што тој сметал за реално остварливи цели. Како што заклучува Ерингтон при анализата на еден проблем сличен на нашиов - Nothing of course prevents a king from day-dreaming, or a historian from day-dreaming about a king's day-dreams; but it is not helpful

---

предизвиците со кои би се соочил Филип при евентуалниот обид да се упати за Египет – почнувајќи од логистичките проблеми, па сè до фактот што долгото отсуство на кралот и дел од војската би ја изложиле Македонија на потенцијален напад од соседните племиња кои вообичаено не пропуштале да ги искористат ваквите прилики. А воопшто и да не зборуваме за евентуалната реакција на Антиох III, чии главни бази се наоѓале неспоредливо поблиску до Египет, и со тоа би имал огромна предност во евентуалниот судир со Филип – само затоа што бил постигнат договор меѓу нив не значи и дека двете страни имале намера да ги почитуваат одредбите долгорочно (*cf.* Polyb. 16.20.6). Се разбира, анализата губи речиси секаква вредност ако битката кај Хиос евентуално претходела на онаа кај Лада, но бидејќи редоследот на настаните во 201 г. не е сосема јасен овој аргумент нема одлучувачка тежина; но дури и во обратниот случај Филип би морал да смета на непреченото дејствување на родоската флота во неговата заднина што би можело да има катастрофални последици, како што за малку и ќе има зимата 201/200 г. што бил принуден да ја мине во Баргилија. Според тоа, Екстин секако е во право кога инсистира дека Филип бил познат по своите одважни и ризични потфати, но ваквиот потфат попрво би се окарактеризирал како лудост одошто како ризик.

[32] Polyb., 22.18.10-11. Всушност, теоријата повеќе пати се среќава и кај Полибиј и воопшто во античката традиција (*v.* Burton (2017), 91 n.63). Eckstein (1995), 215, истакнува дека Полибиј го критикува Филип зашто неговата политика била нереална и довела до падот на Антигонидите. Но, проблемот не е во самата критика, туку во претпоставката на која се базира - дека политиката на Филип што Персеј само ја следел е вистинската причина за војната; што е крајно дискутабилно и тоа од повеќе причини. *e.g.* Harris (1979), 227-33; Burton (2017), 91-96.

[33] Најдоброто сведоштво за ваквиот углед на Филип секако е епиграмот на Алкај од Месенија (*Anth. Pal.,* 9.518), независно од тоа што е најверојатно непријателски и крајно ироничен.

[34] *v.* Austin (1986); Eckstein (2006), ch. 4.

[35] Errington (1976), 153-4; Walbank (1993), 1725-9.

[36] Интересен е примерот со *Anth. Pal.*, 16.6, каде Филип себе си се нарекува κοίρανος Εὐρώπας. Но, оваа посвета бара дополнителна анализа, зашто не е сосема јасно која е пораката и кому му е наменета.

to pretend that in this way we can reach certainty.[37] Според тоа, најдобро би било мотивите на Филип во 216 г. да се анализираат исклучиво врз основа на случувањата од таа година.

4. Во тој контекст, тоа што Филип одлучил прво да ја нападне Аполонија[38] не изненадува – нему му било неопходно пристаниште од каде би можел да ги започне операциите против Скердилаида, а во исто време било релативно блиску до неговите владејанија во Дасаретија.[39] Тоа што Аполонија била независна и неутрална, како што ќе покажат и некои постапки во периодот 202-200 г., не му значело многу.[40] Дали Филип имал и поголеми планови во однос на Илирија е отворено прашање, но се чини веројатно.[41] Ова се должело на повеќе фактори – влијанието на Деметриј од Фарос,[42] желбата за освојување, но и спознанието дека политиката на соработка со илирските династи, започната уште од Антигон Досон, сепак

[37] Errington (1981), 79.

[38] Badian (1952), 89, претпоставува дека Филип можеби воопшто и не планирал да ја нападне Аполонија во 216 г., а негова единствена цел бил Скердилаида. Слично и Adams (1993), 46, кој истакнува дека изразот на Полибиј не имплицира непријателски намери кон Аполонија. Иако не е невозможен, предлогот не е убедлив ако се земат предвид логистичките предизвици со кои би се соочил Филип кој би оперирал во Јадранското Море без ниту едно пристаниште под своја контрола и со крајно издолжени линии на комуникација. *v.* Hammond (1968), 17 n.59.

[39] Hammond (1968), 16-7.

[40] Како што покажуваат особено примерите на Киос (Polyb., 16.21-23.6. Steph. Byz., s.v. Προῦσα), Мирлеја (Strabo, 12.4.3; Hermippus, *FHG* III, frg. 72 (p.51); Steph. Byz., s.v. Μύρλεια), Тасос (Polyb., 15.24.1-3. *cf.* Liv., 33.30.3) и Абидос (Polyb., 16.29.3-34; Liv., 31.16.7-18).

[41] За тоа меѓу другото сведочат и одредбите од договорот со Ханибал (Polyb., 7.9.12-14.).

[42] Полибиј во повеќе прилики го истакнува влијанието на Деметриј од Фарос, и нема потреба во тоа да се сомневаме, особено што тој, односно неговите интереси, се директно споменати во договорот меѓу Филип и Ханибал (Polyb., 7.9.14). Но, дали тоа значи дека тој бил и креаторот на плановите и целите на Филип е сосема различно прашање. Walbank (1940), 261-2, одамна забележал дека новите иницијативи на Филип коинцидираат со издигнувањето на некој нов советник, но заклучил дека нема конкретни докази дека тој во кој било момент бил орудие во рацете на овие советници. Според O'Neil (2003), 515-7, присуството и истакнатата позиција на повеќе туѓинци би можело да се сфати како слабост на Филип. Дефинитивен одговор е невозможен, особено што се чини дека изворите го преценуваат значењето и влијанието на овие советници, вклучително и на Арат постариот. Истрајноста со која Филип ја спроведувал илирската политика и во периодот по смртта на Деметриј од Фарос остава впечаток дека сепак тој бил главниот креатор на новите политички ангажмани. Во таа смисла, појавата на нови советници токму кога Филип развивал нови планови би можела да се протолкува како обид на кралот да најде соработници кои немале традиционална база на поддршка во Македонија, а чиј статус зависел исклучиво од него, поради што би биле послушни следбеници; наспроти традиционалната македонска аристократија од која би можел да очекува поголем отпор при развивањето на нови и ризични планови. Ако е точна ваквата претпоставка, овој пристап барем делумно би бил конципиран под влијание на случувањата во 218 г., односно пресметката со старите соработници на Антигон Досон.

не довела до стабилизација и решавање на проблемите на северозападната граница.[43] Желбата да го подражава неговиот идол, Филип II, со чие владеењее се врзувала македонската експанзија (и контрола) во Илирија, веројатно била дополнителен мотив.[44] Колку била мудра ваквата политика е сосема друго прашање.[45]

Но, што со Рим? Одговорот на ова прашање во голема мера зависи од природата на римското присуство во Илирија во претходните децении. Барем според расположливите извори, се чини дека теоријата за формален, или неформален римски протекторат во Илирија треба да се отфрли.[46] Римјаните склучиле низа договори за amicitia и тоа било сè - во Илирија немало ниту римски гарнизони, ниту магистрати и администрација. Дека тие ја сметале Илирија за своја сфера на интерес и влијание е неспорно и тоа го докажале во 216 г., но до тој миг нивните интереси не биле формализирани. Според тоа, нема потреба политиката на Филип во 216 г. да се толкува како прв чекор кон војна со Рим. Тој секако сфаќал дека навлегува во римската сфера на интерес,[47] но тоа не морало да биде и причина за војна, особено што Илирија ниту можела да се смета за римска територија, ниту пак Римјаните имале официјални сојузници таму. Очигледно тој погрешно проценил дека со оглед на неодамнешните порази од Ханибал, Римјаните или нема да покажат интерес, или едноставно не би располагале со доволно средства да ги бранат своите интереси на еден спореден фронт. Кои и какви би биле неговите следни чекори ако ситуацијата останела непроменета, може само да се спекулира. Сепак, по катастрофата кај Кана ситуацијата од корен се променила и тој се свртел кон Ханибал. Но, од договорот може да се забележи дека и Ханибал и Филип очекувале скоро завршување на војната. Во таа смисла, договорот попрво претставувал обезбедување на македонските интереси во Илирија, и дефинирање на

[43] *cf.* Dell (1970), 120; Пановски (2014), 247-9. Особено што овој пат станувало збор за довчерашен сојузник и член на Симахијата – Филип не смеел да дозволи таков предизвик на неговиот авторитет како хегемон на сојузот да мине без одговор.

[44] *cf.* Champion (1997), 120, врз основа на Isoc., *Phil.*, 21. Тоа што приказот на Исократ во одредена мера е преувеличен (*cf.* Griffith (1979), 469-72); Кабан (1996), 80-3), не влијае на претпоставката дека Филип V би сакал да го подражава својот славен истоименик. Напротив, тоа би бил дополнителен мотив дури и да ги надмине постигнувањата на Филип II во тој регион.

[45] *cf.* Bickerman (1952), 20-21; Errington (1989), 94.

[46] Во науката долго време се води дискусија за природата на римската власт, или присуство, во Илирија по Првата илирска војна. Тука генерално е прифатено толкувањето на Екстин. За различните толкувања *v.* Holleaux (1928) 835-7; Badian (1952), 78-81; Petzold (1971), 206, 220-1; Derow (1991); Eckstein (1999); Id. (2008), 42-58; Burton (2011), 136-41. Обидот на Potter (2012), да докаже дека по Првата илирска војна, дел од земјата бил ager publicus, за што сведочи и договорот меѓу Филип и Ханибал е најблаго кажано неуверлив (*v.* Eckstein (2012), 356-8).

[47] Според Полибиј (5.109.5-6) Филип чекал укотвен во близината на Кефаленија и Левкада, сè додека не открил каде се наоѓа римската флота. Ова покажува дека тој бил свесен дека неговите дејствија би можеле да предизвикаат римска реакција.

сферите на влијание во повоениот период, одошто договор за непосредна воена соработка.[48]

Според тоа, предизвикан од Скердилаида претходната година, непосредната цел на Филип во 216 г. била Аполонија и борбата со илирскиот владетел, најверојатно како прв чекор кон македонската експанзија во Илирија. Ништо од постапките на Филип не упатува на заклучок дека негова долгорочна и крајна цел биле Рим и Италија. Но, реакцијата на Рим, колку и да била симболична, сепак покажала дека во случај на експанзија во Илирија, Филип ќе мора да смета на римска интервенција, поради што и се свртел кон Ханибал. Спротивно на нивните очекувања, Рим не капитулирал, Пунската војна продолжила, а Филип дури подоцна ги почувствувал последиците и ја платил цената на своите амбиции и одлуката да ја искористи моменталната слабост на Републиката.

**Литература:**

Adams, W. L. (1993). „Philip V, Hannibal and the Origins of the First Macedonian War". *AM* 5, 41-50.

Austin, M. M. (1986). „Hellenistic Kings, War, and the Economy". *CQ* 36, 450–66.

Badian, E. (1952). „Notes on Roman Policy in Illyria (230-201 B.C.)". *PBSR* 20, 72-93.

Bickermann, E. (1944). „An Oath of Hannibal". *TAPA* 75, 87-102.

Bickermann, E. (1952). „Hannibal's Covenant". *AJPh* 73.1, 1-23.

Burton, P. J. (2011). *Friendship and Empire: Roman Diplomacy and Imperialism in the Middle Republic (353–146 BC)*. Cambridge: Cambridge University Press.

Burton, P. J. (2017). *Rome and the Third Macedonian War*. Cambridge: Cambridge University Press.

Champion, C. (1997). „The Nature of Authoritative Evidence in Polybius and Agelaus' Speech at Naupactus". *TAPA* 127, 111-28.

Dell, H. J. (1970). „The Western Frontiers of the Macedonian Monarchy". *AM* 1, 115-26.

Derow, P. S. (1991). „Pharos and Rome". *ZPE* 88: 261–70.

De Sanctis, G. (1923). *Storia dei Romani, 4.1.* Torino: Fratelli Bocca.

Eckstein, A. M. (1995). *Moral vision in the Histories of Polybius. Hellenistic culture and society.* London: University of California Press.

Eckstein, A. M. (1999). „Pharos and the Question of Roman Treaties of Alliance Overseas in the Third Century BC". *CPh* 94, 395–418.

Eckstein, A. M. (2006). *Mediterranean Anarchy, Interstate War and the Rise of Rome*. Berkeley: University of California Press.

Eckstein, A. M. (2008). *Rome Enters the Greek East. From Anarchy to Hierarchy in the Hellenistic Mediterranean, 230-170 BC*. Malden, MA; Oxford; Chichester: Wiley-Blackwell.

[48] Bickerman (1952), 21-4; Errington (1989), 96-7; Adams (1993), 48-9.

Eckstein, A. M. (2012). „Review-Discussion: Polybius, the Greek World, and Roman Imperial Expansion". *Histos* 6, 350-358.

Errington, R. M. (1976). „Alexander in the Hellenistic World". In E. Badian (ed.), *Alexandre le Grand. Image et réalité*. Fondation Hardt, Entretiens 22. Vandouevres-Genève, 137-179.

Errington, R. M. (1981), „Review-Discussion: Four Interpretations of Philip II". *AJAH*, 69-88.

Errington, R. M. (1989). „Rome and Greece to 205 BC.". *in CAH²* VIII, 81-106.

Gibson B. & Harrison T. (eds.). (2013). *Polybius and his World: Essays in Memory of F. W. Walbank*. Cambridge and New York: Cambridge University Press.

Griffith, G. T. (1979). N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia, vol.2.* Oxford: Clarendon Press.

Gruen, E. S. (1984). *The Hellenistic world and the coming of Rome*. Berkeley-Los Angeles-London: University of California Press.

Hammond, N. G. L. (1968). „Illyris, Rome and Macedon in 229-205 B.C.". *JRS* 58.1-2, 1-21.

Hammond, N. G. L. (1972). *A History of Macedonia, vol.1*. Oxford: Clarendon Press.

Hammond, N. G. L. (1988). N. G. L. Hammond & F. W. Walbank, *A History of Macedonia, vol.3.* Oxford: Clarendon Press.

Harris, W. V. (1979). *War and Imperialism in Republican Rome, 327-70 B. C. Oxford: Clarendon Press.*

Holleaux, E. (1921). *Rome, la Grèce et les monarchies hellénistiques au IIIe siècle avant J. C. (273-205)*. Paris: E. de Boccard.

Holleaux, M. (1928). „The Romans in Illyria", *in CAH* VII: 822-57.

Кабан, П. (1996). *За Илирите од Бардилис до Гентиј*. Скопје: Догер.

Kleu, M. (2015). *Die Seepolitik Philipps V. von Makedonien.* Bochum: Verlag. (non vidi)

Kleu, M. (2017). „Philip V, the Selci Hoard and the supposed building of a Macedonian fleet in Lissus". *AHB* 31, 112-119.

Ma, J. (1999). *Antiochos III and the cities of Western Asia Minor*. Oxford: Oxford University Press.

Nicholson, E. (2017). Review of Kleu (2015). @ https://bmcr.brynmawr.edu/2017/2017.08.29/

O' Neil, J. L. (2003). „The ethnic origins of the friends of the Antigonids". *CQ* n.s. 53.2, 510-522.

Пановски, С. (2014). „Македонско-илирските односи кон крајот на III век ст.е.". In М. Јакимовска-Тошиќ (ур.), *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*. Скопје: Институт за македонска литература, 237-259.

Пановски, С. (2020). „Кобниот совет на Агелај – The baneful advice of Agelaos". *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 73, 125-140.

Petzold, K.-E. (1971). „Rom und Illyrien: Ein Beitrag zur römischen Außenpolitik im 3. Jahrhundert". *Historia* 20.2/3, 199-223.

Potter, D. (2012). „Old and New in Roman Foreign Affairs. The Case of 197“. In C. Smith and L. M. Yarrow (eds.), *Imperialism, Cultural Politics, & Polybius*. Oxford and New York: Oxford University Press, 134-151.

Rich, J. W. (1984): „Roman Aims in the First Macedonian War“. *PCPhS* 210, 126–80.

Šašel Kos, M. (2002). „From Agron to Genthius: large scale piracy in the Adriatic“. In L. Bracessi and M. Luni (eds.), *I Greci in Adriatico 1*, (*Hesperìa: studi sulla grecità di occidente 15*). Roma: L' Erma di Bretschneider, 137–55.

Seibert, J. (1995). „Invasion aus dem Osten: Trauma, Propaganda, oder Erfindung der Römer?“. In Schubert, C. et al. (eds.). *Rom und der griechischen Osten: Festschrift für H. H. Schmitt*. Stuttgart: Franz Steiner Verlag, 237-248.

Walbank, F. W. (1940). *Philip V of Macedon*. Cambridge: Cambridge University Press.

Walbank, F. W. (1967). *A Historical Commentary on Polybius, vol.2*. Oxford: Clarendon Press.

Walbank, F. W. (1975). „Symploke: its role in Polybius' Histories“. *Yale Classical Studies* 24, 197-212.

Walbank, F. W. (1993). „Η ΤΩΝ ΟΛΩΝ ΕΛΠΙΣ and the Antigonids“. *AM* 5, 1721-30.